# „ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПНОСТА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ“ – КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ОХРИД

*Мануела КРЧАНОСКА*

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
Институт за дефектологија
Студент II година

Примено: 10.01.2011
Прифатено: 02.02.2011
UDK: 378-056.26/.36(497.771)(063)

Во периодот од 22-24 Ноември 2010 година, се одржа РППФ конференција во Охрид на тема: „Подобрување на пристапноста на високото образование за лицата со посебни потреби“. На покана на доц. д-р Ана Лазаревска, како организатор на оваа конференција, учествуваше проф. д-р Владимир Трајковски од Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет, заедно со студентот Мануела Крчаноска.
На конференцијата се разговараше за:

1. недостатокот или недоволна соодветна законска регулатива;
2. недостаток на финансиски средства потребни за реализација и спроведување на законската регулатива;
3. ниското ниво на јавна свест за потребите на лицата со посебни потреби;
4. недостаток на поддршка и овозможување на лицата со инвалидност да бидат што посамостојни и др.

На оваа конференција учествуваа лица од Хрватска, Словенија, Албанија и Македонија, како ЈФДП учесници, претставници на невладини организации, кои низ свои видувања ни претставија како е да се студира на универзитет со и без пристап за лица со посебни потреби, за инклузивното високо

Адреса за кореспонденција:
Мануела КРЧАНОСКА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
Институт за дефектологија
„Крсте Мисирков“ бб, 1000 Скопје,
Р. Македонија
manu_krcanoska@hotmail.com

# “ENHANCING THE ACCESSIBILITY OF HIGHER EDUCATION FOR THE DISABLED” – CONFERENCE IN OHRID

*Manuela KRCHANOSKA*

University “Ss Cyril and Methodius “
Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation
Second year student

Received: 10.01.2011
Accepted: 02.02.2011

The Junior Faculty Development Program (JFDP) conference took place in Ohrid, Macedonia, from the 22nd to the 24th of November 2010, with the topic of “Enhancing the Accessibility of Higher Education for the Disabled.” Prof. Dr. Vladimir Trajkovski and student Manuela Krchanoska from the Institute of Special Education and Rehabilitation accepted the invitation from the conference’s organizer, Dr. Ana Lazarevska.
During the conference the following topics were discussed:

1. The lack of appropriate legislation to regulate this issue;
2. The lack of financial means necessary for the realization of the legislation;
3. The lack of public awareness considering the needs of people with disabilities
4. The lack of support and facilities for people with disabilities to become self-sufficient

During this conference, participants from the United States, Croatia, Slovenia, Albania and Macedonia were active guests, including JFDP participants and representatives from non-governmental organizations. The participants presented their views on the problems for disabled people who are trying to study at

Corresponding Address:
Manuela KRCHANOSKA
“Ss Cyril and Methodius University“
Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation
“Krste Misirkov” bb, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
manu_krcanoska@hotmail.com

образование, за соработката меѓу владата и лицата со посебни потреби и др. Стана збор за „Пристапноста до универзитетите од архитектонска точка“ за што зборуваше Бојан Каранаков, доцент на Архитектонскиот факултет од Скопје; „Академски библиотеки и корисници со посебни потреби“, ја презентираше Розита Петринска; „Пристап до високото образованите за лицата со посебни потреби во Хрватска“ ни прикажа асистент Ивана Билиќ.

Во својата тема: „Студенти со инвалидност во високото образование на македонските универзитети”, професорот В. Трајковски ја претстави ситуацијата во нашата земја, каде се уште нема официјална бројка на лицата со посебни потреби во високото образование. Професорот вети дека во блиска иднина, ќе се обиде тоа да биде тема на дипломска работа на некој студент, да се направи истражување и на тој начин да се дознае точниот број на лицата со инвалидност кои се во високообразовните институции.

Сите учесници на конференцијата заклучија дека бројот на лицата со посебни потреби на универзитетите во Македонија е многу мал, и истите, доколку се запишат, доаѓаат до судир со голем број пречки, што значи дека треба уште многу да се работи за да можат да се стекнат со посакуваното образование.

university and their level of physical accessibility. They also discussed the need for inclusive higher education and cooperation between the government and people with disabilities.

Moreover, other issues such as “Access to Higher Education from an Architect’s Point of View,” were addressed by Borjan Karanakov, professor assistant at the Faculty of Architecture, Ss. Cyril and Methodious University; “Academic Libraries and Users with Special Needs,” presented by Rozeta Petrinska; and “Access to Higher Education for People with Disabilities in Croatia,” by Ivana Bilikj, among others.

In his speech, “Disabled Students in Higher Education within Macedonian Universities,” Prof. Dr. Trajkovski presented the situation in our country in an excellent manner. He discussed the fact that our country has no official statistical data regarding the number of people with disabilities in the higher education system. The professor promised that this issue will become a subject for his students’ graduation exam, so certain research will be performed to reveal this number.

Conference participants agree that not many people with disabilities enter higher education in Macedonia and those who do encounter many obstacles, which means that further improvements must be done in order to provide better education for all.